РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-348/2
27-04-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 66-та седница одржана на ден 21.04.2022 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Постапката по предметот со број 12-348/1 од 02.01.2020 година, оформен по доставена пријава на познат подносител, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, пријавата не содржи елементи кои укажуваат на коруптивни активности извршени од службени лица со цел стекнување противправна имотна корист за себе лично или за друг, директно или преку посредник поради што нема основ за надлежно постапување.

Предметот со број 12-348/1 од 02.01.2020 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Од страна на познат подносител, поднесена е пријава заведена под број 12-348/1 од 02.01.2020 година по која е оформен предмет. Во пријавата се изнесени наводи со лични сомневања дека пресудата што е донесена во Основен суд Скопје под број Х.МАЛВП-1682/17 од страна на судијката ////////////// е пристрасна и во соработка но адвокатот ///////// кој е застапник на //////////.

Имено станува збор за пресуда со која пријавителот во судска постапка е најден за виновен во предизвикување на сообраќајна незгода. Имено според наводите, предметното возило кое не е повеќе во сопственост на нејзината фамилија (сопругот на чие име гласело возилото, кој е починат, во 2016 година го продал возилото на друго лице – ////////, кој ја предизвикал сообраќајната незгода, без претходно да се изврши промена на сопственикот на возилото. Со одлука на судот одлучено е солидарно, пријавителот и купувачот на возилото, да ја надоместат штетата на третата страна т.е. Националното осигурително биро. Пријавителот укажува на недоследност од страна на извршителот кој во неможност долгот да го наплати од ///////- купувач на возилото и предизвикувач на сообраќајната незгода, целиот износ на штета го наплатил од сметката на подносителот на пријавата.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Имајќи го во предвид наведеното и увидот во доставените судски одлуки, записници, налози за извршување и други доставени докази, ДКСК утврди дека наводите не содржат елементи кои укажуваат на коруптивни активности извршени од службени лица со цел стекнување противправна имотна корист за себе лично или за друг, директно или преку посредник. За противправното постапување на извршителот ДКСК ќе достави известување со барање за постапување до Министерство за правда, како надлежен орган за надзор над работата на извршителите со цел преземање соодветни активности за проверка на работењето на засегнатиот извршител.

Врз основа на се горе наведено ДКСК одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: К. Н.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Нури Бајрами**